РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање мислење во однос на тоа дали директор на средно училиште има право на дополнителна работа согласно член 121 од Законот за работните односи.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен весник на РМ“, бр. 12/19), го издаде следново:

## МИСЛЕЊЕ

Државната комисија известува дека, согласно член 44 став 6 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси секое службено лице, а тука спаѓате и директорот на средно училиште, може да остварува приходи од научни, наставни, културни, уметнички и спортски активности и приходи од авторски, патентни и слични права, интелектуална и индустриска сопственост, освен ако со закон не е поинаку определено.

Имено, Државната комисија констатира дека остварувањето на дополнителен приход во фирма која нуди козметички услуги и услуги за разубавување, не спаѓа во погоре цитираниот член од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Во однос на член 121 став 1 од Законот за работните односи, Државната комисија смета дека истиот се однесува на лицата вработени по наведениот закон кој не опфаќа директор на средно училиште, избран од страна на градоначалникот на општина согласно Законот за средното образование.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT